...пријатие за комунални работи
...ЛИДАРНОСТ" Ц.О.
ВИНИЦА
28/12/2023
Бр | Прилог | Вредност

И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE
TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08 - 426/23
21.12.23
Скопје-Shkup

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16), член 7 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија" бр.63/17), а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2024 - 2026 година, на ЈП Солидарност Виница заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-426/23 од 6 јуни 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 декември 2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност Виница за регулиран период 2024-2026 година

1. На ЈП Солидарност Виница се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2024 година во износ од 33,34 ден/m³
   - за 2025 година во износ од 33,41 ден/m³
   - за 2026 година во износ од 33,50 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2024 година изнесува 0,47%
   - минималниот и максималниот опсег за 2025 година изнесува 0,33%
   - минималниот и максималниот опсег за 2026 година изнесува 0,34%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
   - за 2024 година:
     - минимална просечна тарифа 33,19 ден/m³
     - максимална просечна тарифа 33,50 ден/m³
   - за 2025 година:
     - минимална просечна тарифа 33,29 ден/m³
     - максимална просечна тарифа 33,52 ден/m³
   - за 2026 година:
     - минимална просечна тарифа 33,39 ден/m³
     - максимална просечна тарифа 33,61 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување важи за регулиран период 2024-2026 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јануари 2024 година.

**Образложение**

ЈП Солидарност Виница согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-426/23 од 6 јуни 2023 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈП Солидарност Виница ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈП Солидарност Виница во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2022 година:

| Опис | 2022 |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 4.937.502 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 311.694 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 0 |
| Бруто плати | 11.106.380 |
| Други услуги | 3.347.390 |
| Останати и вонредни трошоци | 473.387 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 6.552.458 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | **26.728.811** |
| **Остварена просечна пондерирана тарифа** | **30,27** |

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 23.456.568 | 24.541.135 | 26.693.754 |
| Амортизација | денари | 2.078.674 | 2.273.322 | 2.445.942 |
| Средства за ликвидност | денари | 121.042 | 124.642 | 127.853 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 4.982.156 | 2.099.838 | 2.500.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 0 | 0 | 0 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 25.656.284 | 26.939.099 | 29.267.549 |
| **Количина** | $m^3$ | 795.220 | 811.120 | 827.342 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 32,10 | 33,03 | 35,18 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 31,94 | 32,85 | 34,98 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 32,26 | 33,21 | 35,38 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 11 јули 2023 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–2631/1 од 15 декември 2023 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување на Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност Виница за регулиран период 2024-2026 година.

На 19 декември 2023 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈП Солидарност Виница, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Виница, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, присуствуваа претставници на ЈП Солидарност Виница. По однос на Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност Виница за регулиран период 2024-2026 година, претставници на истото претпријатие дадоа забелешка дека зголемувањето на бруто платите за месец септември 2023-та година во периодот кога барањето е поднесено не беше предвидено. Согласно тоа, на 20.12.2023 година доставено е допис во електронска форма во кој се бара да се зема во предвид зголемувањето на трошоците за бруто плати согласно законското покачување на бруто платите од месец септември 2023-та година.

По доставените забелешки од страна на ЈП Солидарност Виница, се одлучи барањето да се разгледа уште еднаш и се утврди нова тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024-2026 година.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024-2026 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 24.445.495 | 24.901.816 | 25.372.718 |
| Амортизација | денари | 2.063.671 | 2.150.066 | 2.299.466 |
| Средства за ликвидност | денари | 132.546 | 135.259 | 138.361 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 4.982.156 | 2.099.838 | 2.500.000 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 0 | 0 | 0 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 26.641.711 | 27.187.142 | 27.810.545 |
| **Количина** | $m^3$ | 795.220 | 811.120 | 827.342 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 33,34 | 33,41 | 33,50 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 33,19 | 33,29 | 33,39 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 33,50 | 33,52 | 33,61 |

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци од претходниот регулиран период и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2024 – 2026 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 5.200.505 денари за 2024 година 5.304.515 денари за 2025 година и 5.410.605 денари за 2026 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 50.262 денари за 2024 година, 52.121 денари за 2025 година и 56.171 денари за 2026 година;
3. Трошоците за бруто плати се прифатени согласно Барањето и дополнително добиените податоци за покачувањето на платите во месец септември 2023 година. Истите изнесуваат 13.732.044 денари за 2024 година, 14.006.685 денари за 2025 година и 14.286.819 денари за 2026 година;
4. Другите услуги за 2024 година се прифатени согласно реализираните трошоци од 2022 година, додека останатите две години од регулираниот период се пресметани така што утврдените трошоци за 2024 година се зголемени за предвидената стапка на инфлација. Истите изнесуваат 3.687.485 денари за 2024 година, 3.761.235 денари за 2025 година и 3.836.459 денари за 2026 година;
5. Останатите и вонредните трошоци за 2024 година се пресметани врз основа на одобрените трошоци од 2023 година и зголемени за стапката на инфлација, додека за 2025 и 2026 година се утврдени на исто ниво како и утврдениот износ во 2024 година и изнесуваат 1.711.229 денари поединечно за сите три години од регулираниот период;
6. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 63.969 денари за 2024 година, 66.031 денари за 2025 година и 71.434 денари за 2026 година.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 1.944.507 денари за 2024 година, 2.104.171 денари за 2025 година и 2.250.566 денари за 2026 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 119.164 денари за 2024 година, 45.895 денари за 2025 година и 48.900 денари за 2026 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 132.546 денари за 2024 година, 135.259 денари за 2025 година и 138.361 денари за 2026 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 33,34 ден/$m^3$ за 2024 година, 33,41 ден/$m^3$ за 2025 година и 33,50 ден/$m^3$ за 2026 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на

водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така, во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување ЈП Солидарност Виница треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници во подрачјето на општина Виница.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈП Солидарност Виница ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 0,47% за 2024 година, 0,33% за 2025 година и 0,34% за 2026 година.

ЈП Солидарност Виница при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените и бесплатно добиените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈП Солидарност Виница да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

**УП1 бр. 08–426/23**
**21 декември 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
В И Н И Ц А
Примено: 05.02.2024
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
02 | 448

0201
05.02.2024
05.02

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 92
31.01.2024 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 13 став 11 и 12 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Сл. весник на РМ број 7/2016") и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022"), Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница за регулиран период 2024-2026 година, под УП1.бр.08-426/23 од 21.12.2023 година, Советот на општина Виница на 27-та седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање Согласност на Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност - Виница за регулиран период 2024-2026 година**

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница за регулиран период 2024-2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Солидарност - Виница, број 02-51/3 од 16.01.2024 година, со која:

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност - Виница за физички лица и тоа:

- за 2024 година тарифата ќе изнесува 28,65 ден/м3
- за 2025 година тарифата ќе изнесува 28,94 ден/м3
- за 2026 година тарифата ќе изнесува 29,05 ден/м3

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност - Виница за правни лица и тоа:

- за 2024 година тарифата ќе изнесува 54,37 ден/м3
- за 2025 година тарифата ќе изнесува 54,41 ден/м3
- за 2026 година тарифата ќе изнесува 54,42 ден/м3

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

ЈП "СОЛИДАРНОСТ"-ВИНИЦА
Бр.02- 51/3
16.01.2024 год.

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги(Сл.весник на РМ бр.276/23) член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 11 и 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги(Сл.весник на РМ бр.7/2016) Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница за регулиран период 2024-2026 година под УП1.бр.08-420/23год 21.12.2023 година Управниот одбор на ЈП"Солидарност"-Виница на ден 16.01.2024 година донесе :

# О Д Л У К А

**За утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница за регулиран период 2024-2026 година**

**чл.1**

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница **за физички лица** и тоа:

-за **2024 год.** тарифата ќе изнесува 28,65 ден/м$^3$.
-за **2025 год.** тарифата ќе изнесува 28,94 ден/м$^3$.
-за **2026 год.** тарифата ќе изнесува 29,05 ден/м$^3$.

**чл.2**

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Солидарност-Виница **за правни лица** и тоа:

-за **2024 год.** тарифата ќе изнесува 54,37 ден/м$^3$.
-за **2025 год.** тарифата ќе изнесува 54,41 ден/м$^3$.
-за **2026 год.** тарифата ќе изнесува 54,42 ден/м$^3$.

**чл.3**

Со донесување на оваа одлука престануваат да важат одлуките за цени на вода за пиење донесени од страна на управниот одбор на ЈП Солидарност-Виница за Виница и за сите населени места каде ЈП Солидарност-Виница ги има превземено на управување водоводите.

**чл.4**

Оваа одлука ќе се применува по дадена согласност од страна на Советот на Општина Виница.

Управен одбор
Претседател